# Б - Д О З В О Л А
## за усогласување со оперативен план

Друштво за производство услуги и трдовија

**``К Р И Н К Г``Д О О - Прилеп**

увоз – извоз

ул.``Орде Тодороски - Шемко`` бр.43

7500, Прилеп

Број на дозвола

(Бр.) 08-903/8 од 31.12.2013г.

# СОДРЖИНА

Вовед ---------------------------------------------------------------------------------- 3

Дозвола ------------------------------------------------------------------------------ 5

Услови -------------------------------------------------------------------------------- 6

1. Инсталација за која се издава дозволата ------------------------ 6
2. Работа на инсталацијата --------------------------------------------- 8
   - 2.1. Техники на управување и контрола ------------------------------------ 8
   - 2.2. Суровини (вклучувајќи и вода) ------------------------------------------ 10
   - 2.3. Ракување и складирање на отпадот ---------------------------------- 11
   - 2.4. Преработка и одлагање на отпад --------------------------------------- 12
   - 2.5. Спречување и контрола на хаварии ----------------------------------- 13
   - 2.6. Мониторинг ---------------------------------------------------------------- 13
   - 2.7. Престанок со работа -------------------------------------------------- 14
   - 2.8. Инсталации со повеќе оператори ------------------------------------ 14
3. Документација ------------------------------------------------------------ 15
4. Редовни извештаи ------------------------------------------------------- 17
5. Известувања ----------------------------------------------------------------- 18
6. Емисии -------------------------------------------------------------------------- 19
   - 6.1. Емисии во воздух ------------------------------------------------------------ 19
   - 6.2. Емисии во почва --------------------------------------------------------------- 20
   - 6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ------ 20
   - 6.4. Емисии во канализација ------------------------------------------------- 21
   - 6.5. Емисии на топлина ------------------------------------------------------- 22
   - 6.6. Емисии на бучава и вибрации ------------------------------------------ 22
7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води -------- 24
8. Оперативен план ------------------------------------------------------- 25
9. Договор за промени во пишана форма -------------------------- 26

Додаток 1 ----------------------------------------------------------------------- 28

Додаток 2 ----------------------------------------------------------------------- 30

Додаток 3 ----------------------------------------------------------------------- 31

# В О В Е Д

### *Овие воведни белешки не се дел од дозволата*

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 27/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за ``Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови``, до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Рудното наоѓалиште ``Мраморски Рид`` кај н.м.Мало Мраморани – општина Долнени, чиј концесионер е ``**КРИН КГ**`` **ДОО – Прилеп**, се наоѓа во западниот дел на планината Бабуна во општина Долнени и се протега на површина од 0,122500км$^2$ и надморска височина од 650-1.050м. Најблиското населено место Мало Мраморани оддалечено е 2км од локалитетот. Активностите кои се опфатени со оваа дозвола се однесуваат на производство на архитектонско-градежен камен гранит. Експлоатацијата на лежиштето е со површински коп на минерална суровина гранит, што претставува ослободување на минералната суровина од нејзината природна состојба, оформување на комерцијални блокови и прилагодување на минералната суровина за понатамошна обработка за потребите во градежништвото. За припрема на теренот на површинскиот коп се користат експлозивни средства, а додека издвојувањето на гранитните ламели се врши со примена на основната технологија на пилење со дијамантски пили. Потоа со помош на механизација се врши соборување на ламелите од масивот, нивно кроење и добивање полуламели, попречно кроење на полуламелите, соборување, превртување на банковите на работната површина од етажата, кроење на соборениот банк, формирање на 4 блока со комерцијални димензии (3,1 x 1,5 x 1,7)м, товарање и транспорт на комерцијалните блокови, товарање, транспорт и одлагање на кршен камен-јаловина на јаловиште.

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

## Комуникација

Доколку сакатa да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на дозволата.
За било,каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адресата **Општина Долнени – Локална самоуправа, 7504 Долнени**.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член 55, став 2, точка 4. операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик (коверт).

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина.
Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање (Бр.) | Добиено | |
| Барање бр.03-902/2 | 29.06.2007год. | Доставеното барање имаше недостатоци |
| Заклучок бр.03-903/3 | 04.05.2010год. | |
| Известување за дополнување на барање бр.03-903/4 | 04.05.2010год.. | Доставено е дополнувањето |
| Известување бр.03-903/5 | 11.12.2013год. | Последна опомена |
| Барање за ставање Ад Акта на претходно барање бр.10-1075/1 (примено под бр.03-903/6) | 27.12.2013год. | Документација за применување и спојување на фирми |
| Ново Барање бр.10-1075/2 (примено под бр.03-903/7) | 27.12.2013год. | Договор за целосен пренос на концесија |
| Дозвола (Бр.) 08-903/8 | Одлучено на ден 31.12.2013г. | Одлучено е позитивно |

Дозвола

Закон за животна средина

# Д о з в о л а

Број на дозвола

(Бр.) 08-903/8 од 31.12.2013г.

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник бр.53/05, 27/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13), го овластува

``К Р И Н К Г`` **ДОО - Прилеп,** (``Оператор``)

со регистрирано седиште на

**ул.``Орде Тодороски - Шемко`` бр.43**
**7500, Прилеп**
**Република Македонија**

**Број на регистрација на компанијата (ЕМБС) 5822840**

да раководи со Инсталацијата

**Ископ на минерални суровина**
**-декоративен камен за градежништво-гранит**
**н.м.Мало Мраморани**
**Општина Долнени**
**7504, Долнени**

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

ГРАДОНАЧАЛНИК
БОШЕ МИЛОШЕСКИ

Овластен да потпише во име на Надлежниот орган за животна средина.

Датум

31.12.2013г.

# Услови

## 1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| Табела 1.1.1. | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од УРЕДБА за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| ПРИЛОГ 2<br>**Точка 3.2 Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини** | **Површинска експлоатација на гранит. Производство на гранитни комерцијални блокови и нивно прилагодување за понатамошна обработка за потребите во градежништвото.** | Т1: Х=4 584 950; Y=7 541 350<br>Т2: Х=4 584 950; Y=7 543 700<br>Т3: Х=4 585 300; Y=7 543 700<br>Т4: Х=4 585 300; Y=7 540 350 |

1.1.2. Активностите овластени во условите 1.1.1. ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот Табела 1.1.2.

| Табела 1.1.2. | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Графички приказ на лежиштето со граници на експлоатационо поле М=1:25000 | Прилог 2 од Барањето |




1.1.3. Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животна средина (``Сл.весник на РМ``53/05, 27/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1. Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во барањето, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2. Во инсталацијата треба да има поставено менаџер со соодветно квалификувано и работно искуство кој што ќе биде назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или некое друго номинирано лице со соодветни квалификации и искуство, во улога на заменик, ќе биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.3. Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата на која се однесуваат некои од барањата на Дозволата.

2.1.4. Операторот не подоцна од 6 (шест) месеци од добивањето на оваа Дозвола, ќе воспостави и одржува систем за управување со животната средина (СУЖС). Системот за управување со животната средина ќе се надградува еднаш годишно на секои 12 месеци. Во СУЖС треба да бидат внесени следните елементи:

- Структура на управувањето и известување
- Распоред на целите и задачите за животната средина

2.1.5. Операторот ќе подготви распоред на целите и задачите за животната средина. Распоредот, како минимум ќе обезбеди преглед на сите операции и процеси, вклучувајќи и проценка на практичните опции за ефикасност на енергијата и другите ресурси, употреба на почиста технологија, почисто производство и превенција, потоа спречување, редукција и минимизирање на отпадот, како и вклучување на цели за намалување на отпадот. Распоредот ќе вклучува временски рамки за достигнувањето на поставените цели и ќе се однесува на период од минимум 5 (пет) години. Распоредот ќе се разгледува годишно на секои 12 месеци и сите измени треба да се пријават кај Надлежниот орган за нивно одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС):

2.1.6. Операторот ќе му достави на Надлежниот орган програма за управување со животната средина (ПУЖС) за одобрување, во која што ќе биде вклучена и временска рамка за остварување на целите и задачите за животната средина подготвени во условот 2.1.5. По

одобрување на програмата, Операторот треба истата да ја спроведе и да ја одржува. Таа ќе содржи:

- Распределба на одговорностите за задачите
- Средства со кои тие можат да се остварат
- Време во кое тие можат да се достигнат

ПУЖС ќе се разгледува еднаш годишно на секои 12 месеци и соодветните дополнувања ќе се доставуваат до Надлежниот орган за одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС) (услов 2.1.5.).

Како дел од ГИЖС, Операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7 (седум) години и ќе бидат достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

| Табела 2.1.1.: Техники на управување и контрола | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Опис на функцијата на барателот | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Опис на локацијата | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Опис на наоѓалиштето | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Технологија на експлоатација | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Етажи на површинскиот коп количини, јаловина | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Физичко-механички карактеристики | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Спецификација на опремата | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Инфраструктурни објекти | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Прегледна карта 1:25000, точки и координати | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Дијаграм на технологија на експлоатација | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Скици на технологија на експлоатација | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Организациона шема на управување | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје II | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Управување и контрола | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје III | 29.06.2007 (27.12.2013) |

## 2.2. Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и вода) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1., или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1.: Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Опис на суровини | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Гориво, нафта | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Моторно масло | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Диференцијално масло | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Товатна маст | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Хидраулично масло | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Детонаторски фитил | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Детонаторки каписли 8 | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Бавногорлив фитил | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Црн барут | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Моноблок бургии | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Круна | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Дијамантска сајла | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Вода | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Гуми | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |
| Огревно дрво | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје IV | 29.06.2007 (27.12.2013) |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за безбедноста на складиштата.

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1. и 2.3.2, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.3.1.: Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Видови на цврст и течен отпад | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје V<br>Договор бр.09-627 со ДООЕЛ``ДАСКАЛО``-М.Коњари | 29.06.2007<br>(27.12.2013)<br>15.08.2012 |
| Отпад од технолошки процес | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје V<br>Договор бр.09-627 со ДООЕЛ``ДАСКАЛО``-М.Коњари | 29.06.2007<br>(27.12.2013)<br>15.08.2012 |
| Отпад од одржување на опремата | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје V<br>Договор бр.09-627 со ДООЕЛ``ДАСКАЛО``-М.Коњари | 29.06.2007<br>(27.12.2013)<br>15.08.2012 |
| Постапување со отпад, ракување и складирање на цврст отпад | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје V<br>Договор бр.09-627 со ДООЕЛ``ДАСКАЛО``-М.Коњари | 29.06.2007<br>(27.12.2013)<br>15.08.2012 |
| Собирање и транспорт на отпадот | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје V<br>Договор бр.09-627 со ДООЕЛ``ДАСКАЛО``-М.Коњари | 29.06.2007<br>(27.12.2013)<br>15.08.2012 |

| Табела 2.3.2.: Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Комунален отпад | Во метални садови на локацијата | Со селектирање. Се чува до превземање од ЈКП | Внатрешно контролирана област |
| Комерцијален отпад | Во метални садови на локацијата | Привремено се одлага до преземање од овластен оператор | Внатрешно контролирана област |
| Инертен отпад-јаловина | Се одлага на јаловиште: југо-исток, југо-запад | Трајно се одлага | холтикултурно |
| Индустриски неопасен отпад, | Во метални садови на локацијата | Привремено се одлага до | Внатрешно контролирана област |

| | | | |
|---|---|---|---|
| метален | | преземање од овластен оператор | |
| Отпад од пакување, метални буриња | На локација | Привремено се одлага до преземање од овластен оператор | Внатрешно контролирана област |
| Отпад од пакување, пластични туби | На локација | Привремено се одлага до преземање од овластен оператор | Внатрешно контролирана област |
| Искористени гуми | На локација | Привремено се одлага до преземање од овластен оператор | Внатрешно контролирана област |
| Санитарна отпадна вода | Постројка за таложење и пречистување | Привремено се одлага до преземање од овластен оператор | Внатрешно контролирана област |
| Отпадни масла | Во метални садови на локацијата | Привремено се одлага до преземање од овластен оператор | Внатрешно контролирана област |

## 2.4. Преработка и одлагање на отпад

2.4.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1., или на друг начи договорено написмено со Надлежниот орган.

| Табела 2.4.1.: Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Собирање и транспорт на отпадот | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7), Поглавје V<br>Договор бр.09-627 со ДООЕЛ``ДАСКАЛО``-М.Коњари<br>Договор бр.10-796 со ЈКП Комуналец | 29.06.2007<br>(27.12.2013)<br><br>15.08.2012<br>24.09.2013 |

2.4.2. Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

## 2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.5.1.: Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Опис на постапката за превземање активности за спречување на хаварии и реагирање во итни случаеви | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје XIII | 29.06.2007 (27.12.2013) |

Дополнителни услови:

## 2.6. Мониторинг

2.6.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1.: Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Мониторинг на емисии и земање на примероци | Барање бр.03-903/2, (дополнување бр.03-903/7) Поглавје XI | 29.06.2007 (27.12.2013) |

2.6.2. Операторот ќе обезбеди:

a безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките во графичкиот прилог во Поглавје X; и

b безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО стандардите.

## 2.7. Престанок со работа

2.7.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.11.1.: Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација | Барање бр.03-903/2,<br>(дополнување бр.03-903/7)<br>Поглавје XIV | 29.06.2007<br>(27.12.2013) |

## 2.8. Инсталации со повеќе оператори

2.8.1. Со инсталацијата за која се издава управува само еден оператор, или оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа дозвола.

# 3. Документација

3.1.1. Документацијата ќе содржи податоци за:

a секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

b целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2. Документацијата од 3.1.1. ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4. Специфицираните и другите документи треба:

a да бидат читливи;

b да бидат направени што е можно побрзо;

c да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5. Операторот е должен специфираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6. За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

a составот на отпадот, или онаму каде што е можно , опис;

b најдобра проценка на количината создаден отпад;

c трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

d најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7. Операторот на инсталацијата за која што се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино

влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4. Редовни извештаи

4.1.1. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите од Поглавје XI :

a во однос на наведените емисиони точки;

b за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табелата од Поглавје XI и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

c давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

d испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од 30 дена.

# 5. Известувања

5.1.1. Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување** :

a кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

b кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

c кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работа на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

d било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве работи:

a перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

b престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година;

c повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.2. (б).

5.1.3. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

i било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

ii промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

iii за активности кога операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6. Емисии

## 6.1. Емисии во воздух

6.1.1. Фугитивните емисии во воздух ќе се следат од точките наведени во Табела 6.1.1

| Табела 6.1.1.: Следење на фугитивните емисии | | |
|---|---|---|
| **Референтна точка** | **Опис** | **Локација на точката на емисија** |
| Т1 | Југо-западно од локацијата | X = 4 584 950<br>Y= 7 541 350 |
| Т2 | Северо-западно од локацијата | X = 4 584 950<br>Y= 7 543 700 |
| Т3 | Северо-источно од локацијата | X = 4 585 300<br>Y= 7 543 700 |
| Т4 | Југо-источно од локацијата | X = 4 585 300<br>Y= 7 540 350 |

6.1.2. Граничните вредности за квалитет на амбиенталниот воздух за параметарот(ите) на точките наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени по конечната реализација на оперативниот план.

6.1.3. Временските периоди од 6.1.2. соодветствуваат на оние од прифатениот оперативен план во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.1.4. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2., на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

| Табела 6.1.2. : Следење на гранични вредности на Аероседиментација | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **Мерни точки од Т1 до Т4** | **Фреквенција на мониторинг** |
| Прашина mg/$m^3$ | | |
| Прашина mg/$m^3$/ден | | |
| Гранични вредности – Максимално дозволени концентрации (МДК) | | |
| | | |

6.1.5. Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.6. Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзинстентен чад.

6.1.7. Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да минимизира емисијата.

## 6.2. Емисии во почва

6.2.1. Нема да има емисии во почвата.

6.2.2. Операторот ќе извести за секоја непредвидена емисија во почва.

## 6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1. Емисии во вода от точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1. ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.3.1.: Точки на емисија во вода | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Количество |
| | | |

6.3.2. Границите на емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2., нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3. Временските периоди од 6.3.2. соодведтсвуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.3.4. Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2. на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

| Табела 6.3.2. : Граници на емисија во вода | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | | Точка на емисија | | Фреквенција на мониторинг |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

6.3.5. Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2., освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.6. Операторот ќе земма примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со (наведи) фреквенција.

## 6.4. Емисии во канализација

6.4.1. Емисии во канализција от точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1. ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1.: Точки на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Канализација |
| | | |

6.4.2. Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2., нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3. Временските периоди од 6.4.2. соодведтсвуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 8 од оваа дозвола.

| Табела 6.4.2. : Граници на емисии во канализација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | | Точка на емисија | | Фреквенција на мониторинг |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

6.4.4. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.4.3а и 6.4.3б на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

6.4.5. Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

| Табела 6.4.3а : Барања за мониторинг за канализација (се до и вклучувајќи ??.??.2010) | | |
|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | Точка на емисија |
| | (Наведија фреквенцијата и начинот) | |
| | (Наведија фреквенцијата и начинот) | |
| | (Наведија фреквенцијата и начинот) | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| Табела 6.4.3б: Мониторинг на канализација (од ??.??.2010) | | |
|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | Точка на емисија |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

6.4.6. Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2., освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

## 6.5. Емисии на топлина

Нема.

## 6.6. Емисии на бучава и вибрации

6.6.1. Бучава

- Измерените вредности на бучава во непосредна близина на работните етажи при постојан режим на работа се движат од 60 – 70 dB, а додека на границите од инсталацијата нивото на бучава се движи од 51 – 59 dB, како што е дадено во Табела 6.6.1.

| Табела 6.6.1 : Точки на емисии од бучава | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Референтни точки | НКС | Ниво на звучен притисок (dB) | | |
| | 5Н, 5Е | L (A) $_{eq}$ | L (A) $_{10}$ | L (A) $_{90}$ |
| Граници на локацијата | | | | |
| Локација 1 | N 41$^0$ 24' 30.69" E 21$^0$ 29' 24.07" | | | |
| Локација 2 | N 41$^0$ 24' 29.19" E 21$^0$ 29' 32.04" | | | |
| Локација 3 | N 41$^0$ 24' 31.72" E 21$^0$ 29' 28.67" | | | |
| Локација 4 | N 41$^0$ 24' 27.46" E 21$^0$ 29' 29.05" | | | |
| **Осетливи локации** | Поради тоа што инсталацијата се наоѓа на најмалку 2 км од населено место не постојат осетливи локации | | | |

- Бидејќи инсталацијата се наоѓа во рударско-индустриска зона, не ја надминува максимално дозволената граница од 70 dB дење и ноќе.

6.6.2. Вибрации

- Од увидодт на лице место се утврди дека операциите на минирање во инсталацијата се соодветни за условите на работа на копот и од досегашната долгогодишна работа на инсталацијата не претставува потенцијален извор на ширење на опасни сеизмички потреси на копот, ниту во неговата поширока околина.

6.6.3. Нејонизирачко зрачење

- Извори на нејонизирачко зрачење на инсталацијата кои негативно би влијаеле врз животната средина не постојат.

# 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

Нема.

# 8. Оперативен план

8.1.1. Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1., заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 9.1.1. : Оперативен план | | |
|---|---|---|
| Ознака | Мерка | Датум на завршување |
| 9.1 | Реконструкција на пристапен пат и етажни патишта | До април, 2014г. |
| 9.2 | Уредување на локацијата | До април, 2014г. |
| 9.3 | Набавка на садови за отпад и уредување на одлагалиште за отпад | До април, 2014г. |
| ВКУПНО: | **506.400,00 ден.** | |

Или :

8.1.2. Операторот ќе го спроведува оперативниот план кој е составен дел на барањето, онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган.

# 9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1. Кога својството ``или како што е друго договорено написмено`` се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин :

a операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола; и

b ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се дава дозволата.

9.1.2. Секоја промена предложена според условот 10.1.1. и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датумот на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа дозволата ќе мора да се дополнува.

# Забелешка

- Операторот се обврзува, да го информира надлежниот орган за работите од животната средина, во случај на привремено или трајно запирање на експлоатационите работи.

- Операторот се обврзува, по завршување на експлоатацијата на минералната суровина на наоѓалиштето или на дел од наоѓалиштето, односно по престанувањето на работите на експлоатацијата на минералната суровина, да постапи според главниот рударски проект, односно земјиштето да го приведе во култура и да ги спроведе мерките со кои се обезбедува заштита на луѓето, имотот, животната средина, природата и заштита на водите.

- Во случај на делумен престанок со работа и повторно активирање треба да се предвидат количината на складирани суровини, помошни материјали, производи, опрема и др. Суровините треба да бидат исцрпени или ако тоа не е можно треба да се дислоцираат кај друг оператор кој врши иста активност и има потреба од таков вид на суровина.

- Во случај на целосно затворање на локацијата и нејзина пренамена, со цел локацијата да се врати безбедна и ослободена од резидуи кои може да резултираат во загадување на животната средина, операторот треба да го спроведе Планот за управување со резидуи, со пренамена на локацијата бидејќи истата е наменета за ископ и сепарација на минерални суровини во прв ред е пренамена за друг вид на активности или пренамена во пошумено земјиште или пасиште.

- За доведување на локацијата до состојба на шума или пасиште потребно е да се направат анализи на почвата и дополнителни истражувања со кои би се утврдило дали е потребно деконтаминирање или отстранување на контаминираниот слој на локацијата.

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1. (известувања), согласно условот 5.1.2.

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2. од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи :

## Дел А

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

## Дел Б

☐ Други попрецизни податоци за предметот известењн во Делот А.

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување

на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датум на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта ......................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2. од оваа дозвола, се наведени подолу.

| Табела Д2 : Извештаи за податоците од мониторингот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Емисии во воздух Прашина | Т1 – Т4<br>Табела 6.1.1 | Годишен извештај | Март, 2014 |
| Емисии на бучава | А – Ѓ<br>Табела 6.6.1 | Годишен извештај | Март, 2014 |
| Емисии на вибрации | А – Ѓ<br>Табела 6.6.1 | По потреба | |

# Додаток 3

| Реф. бр. | Материјал / Супстанција | CAS број | Категорија на опасност | Моментална резерва (t) | Количина годишно | RиS фраза |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Гориво, нафта | Не е во Анекс 4 | Класа 3, запални течности | 3 | 35 t<br>5,8-8,7 | Р-10, запалливо<br>С-1, да се чува заклучено |
| 02 | Моторно масло | Не е во Анекс 4 | Класа 3, запални течности | 0,23 | 2,789 t<br>0,463-0,695 | Р-10, запалливо<br>С-1, да се чува заклучено |
| 03 | Диференцијално масло | Не е во Анекс 4 | Класа 3, запални течности | 0,090 | 1,050t<br>0,175-0,263 | Р-10, запалливо<br>С-1, да се чува заклучено |
| 04 | Товатна маст | Не е во Анекс 4 | Класа 3, запални течности | 0,060 | 0,700t<br>0,117-0,175 | Р-21, штетно во контакт со кожа<br>С-24, избегнувај контакт со кожа |
| 05 | Хидраулично масло | Не е во Анекс 4 | Класа 3, запални течности | 0,450 | 5,250t<br>0,117-0,175 | Р-10, запалливо<br>С-1, да се чува заклучено |
| 06 | Детонаторски фитил | Не е во Анекс 4 | Класа 1, експлозивни материи | 3,00м | 32,250м<br>5375-8063 | Р-2, опасност од експлозија<br>С-1, да се чува заклучено |
| 07 | Детонаторски написли | Не е во Анекс 4 | Класа 1, експлозивни материи | 20 пар. | 200 пар.<br>33-50 | Р-2, опасност од експлозија<br>С-1, да се чува заклучено |
| 08 | Бавногорлив фитил | Не е во Анекс 4 | Класа 1, експлозивни материи | 20 м | 200 м<br>33-50 | Р-2, опасност од експлозија<br>С-1, да се чува заклучено |
| 09 | Црн барут | Не е во Анекс 4 | Класа 1, експлозивни материи | 0,5 кг | 2 кг | Р-2, опасност од експлозија<br>С-1, да се чува заклучено |
| 10 | Моноблок бургии | Не е во Анекс 4 | Класа 5.1., оксидирачки материи | 10 пар. | 85 пар.<br>14-21 | Нема опасност |
| 11 | Круни | Не е во Анекс 4 | Класа 5.1., оксидирачки материи | 2 пар. | 2 пар. | Нема опасност |
| 12 | Дијамантска сајла | Не е во Анекс 4 | Класа 5.1., оксидирачки материи | 10 м | 95 м<br>16-24 | Нема опасност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Вода | Не е во Анекс 4 | Нема опасност | 8,0 м$^3$ | 117 м$^3$ 19,50-29,30 | Нема опасност |
| 14 | Гуми | Не е во Анекс 4 | Класа 4.1., запални цврсти материи | 2 пар. | 6 пар. 1-2 | Р-10, запалливо С-1, да се чува заклучено |
| 15 | Огревно дрво | Не е во Анекс 4 | Класа 4.1., запални цврсти материи | 3,0 м$^3$ | 12 м$^3$ 2-3 | Р 8-контакт со горлива материја предизвикува пламен С 6-да се чува под контрола |